СОНК

САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
TRADE UNION OF EDUCATION, SCIENCE AND CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

ул. Маџир Маало бр. 36, 1000 Скопје, П.Ф.450, тел:02/3115-011

Бр. 0301 – 32/1
06.07.2020

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), Синдикат за образование, наука и култура утврди

**Стандарди за професионално однесување на стручните соработници**

**во основните и средните училишта**

**Член 1**

Се утврдуваат Стандардите за професионално однесување на стручните соработници во основните и средните училишта (во натамошниот текст: Стандардите).

**Член 2**

Стандардите се базираат на принципи поврзани со професионалните вредности од кои се раководат стручните соработници во своето професионално и јавно делување.

Во професионалното однесување стручниот соработник се води од следниве вредности:

- Еднаквост, инклузивност и правичност,
- Одговорност,
- Доверба и
- Интегритет.

Целта на овие стандарди е воспоставување на правила за професионално однесување за подигање на професионалноста на стручните соработници, како и на достоинството, угледот и афирмација на професијата.

**Член 3**

Стандардите го опишуваат професионалното однесување на стручните соработници и се дефинирани во рамките на следниве подрачја:

1. Професионален однос кон учениците,
2. Професионален однос кон родителите/старателите/семејствата на учениците,
3. Професионален однос кон колегите и

4. Професионален однос кон професијата.

**Член 4**

Стандардите од подрачјето Професионален однос кон учениците се базирани на најдобриот интерес на ученикот, континуираната проценка и активности поврзани со напредокот на знаењата, потенцијалите, силните страни и вештините на учениците и го определуваат однесувањето на стручниот соработник кон учениците во училиштето и надвор од него.

1. Стручниот соработник создава можности сите ученици да учат и напредуваат така што:

- добро ги познава учениците, ги почитува нивните индивидуални разлики и способности и обезбедува соодветна поддршка прилагодена на нивните потреби,
- ги мотивира и им помага на учениците да ги развиваат своите способности, вештини и таленти и
- ги поттикнува учениците да размислуваат за сопствените вредности и да ги развиваат истите.

2. Стручниот соработник кон учениците се однесува со грижа и почит така што:

- секогаш е достапен и подготвен за комуникација со учениците,
- покажува разбирање за нивната состојба и дава соодветна поддршка,
- покажува грижа за безбедноста и за физичката, психичката и социо-емоционалната добросостојба на учениците,
- создава взаемна доверба со учениците и ги заштитува од заплашување, срам, понижување, атак врз нивната автономија или било каков друг вид на насилство,
- со учениците се однесува со разбирање, почит, непристрасно и правично и
- ја почитува приватноста и доверливоста на информациите за учениците и ги користи само во најдобриот интерес на ученикот и во согласност со законските барања.

3. Стручниот соработник со учениците се однесува непристрасно и професионално така што:

- се раководи од интересот на ученикот, почитувајќи ја единственоста и вредноста на неговата личност,
- рамноправно ги третира сите ученици и неселективно им пружа поддршка во рамките на професионалните компетенции,
- ги сослушува и почитува гледиштата на учениците,
- транспарентно и непристрасно донесува одлуки што се во најдобар интерес на учениците,
- во комуникацијата со учениците во сите ситуации задржува професионална дистанца.

**Член 5**

Стандардите од подрачјето Професионално однесување кон родителите/старателите/ семејствата на учениците (во натамошниот текст: родителите) се базирани на активно вклучување на родителите како значајни партнери во образованието на нивните деца, советување и едукација за развивање на родителските компетенции, како и на почитување на достоинството на секој родител.

1. Стручниот соработник соработува со родителите на учениците така што:

- ги вклучува во донесувањето на одлуки поврзани со напредокот на ученикот во учењето и однесувањето на нивните деца,
- им помага во донесувањето на одлуки поврзани со грижата за нивните деца,
- им дава навремени и детални информации за состојбата на нивните деца, освен во случај кога тоа не е во најдобар интерес на детето,
- во работата со учениците ги зема предвид информациите кои родителите му ги дале за состојбите и промените кај нивните деца,
- ги разбира и излегува во пресрет на потребите на семејствата од ранливи категории во рамките на својата професија.

2. Стручниот соработник помага во развојот на родителските компетенции така што:

- секогаш е достапен и подготвен за комуникација со родителите,
- поддршката која ја дава и начинот на комуникација ги приспособува зависно од ситуацијата и личноста на родителот,
- едукацијата и советите ги прилагодува зависно од потребите и видот на проблематиката.

3. Стручниот соработник кон родителите се однесува етички и со почит така што:

- во комуникацијата со родителите задржува професионална дистанца,
- емпатичен е и со родителите се однесува внимателно, со разбирање, почит, непристрасно и правично,
- ги сослушува и почитува гледиштата на родителите,
- создава взаемна доверба со родителите,
- ја почитува приватноста и доверливоста на информациите за учениците и нивните родители/старатели/семејства.

**Член 6**

Стручните соработници во училиштето работат во тим со други стручни соработници, користејќи ја и почитувајќи ја стручноста на секој од нив. Тие, исто така непосредно соработуваат со наставниците.

Стандардите од подрачјето Професионално однесување кон колегите се базирани на тоа дека секој од стручниот тим треба да работи во средина на соработка и взаемна доверба со колегите, почитувајќи ги во училиштето и надвор од него.

1. Стручниот соработник соработува со наставниците така што:

- им дава поддршка во напорите и активностите за унапредување на знаењата на учениците,

- при изразување мислење за нивната работата го почитува нивниот авторитетот и личност,

- поставува јасни граници во однос на споделување на информации за учениците и родителите и на начините на нивното користење,

- конфликтите во работата ги разрешува на конструктивен начин.

2. Стручниот соработник соработува со другите стручни соработници така што:

- се консултира во работата, несебично ги споделува знаењата, искуствата и добрите практики,

- информациите за и од родителите и учениците ги споделува во тимот на одговорен начин и кога тоа е во интерес на ученикот,

- ја почитува професионалноста на другите стручни соработници, изборот на методи на работа и нивното стручно мислење, доколку тоа не ги доведува во прашање интересите на учениците и етичките принципи на професијата.

3. Стручниот соработник кон сите вработени во училиштето се однесува етички и со почит, со тоа што:

- неговата комуникација и односот се базирани на учтивост и почитување и не се од непрофесионална, дискриминаторска и вознемирувачка природа,

- реагира во случаи кога вработените ги кршат стандардите за професионално однесување и етичките принципи,

- не злоупотребува информации за професионалната работа и за приватниот живот на колегите.

**Член 7**

Стручните соработници во училиштето работат првенствено за добросостојбата на учениците, согласно професионалните компетенции, донесувајќи одлуки засновани на познавање на фактичката состојба и прифаќајќи одговорност за сопствената работа.

Стандардите од подрачјето Професионален однос кон професијата се базирани на залагање за подигање на довербата кон стручните соработници и почитта кон нивната професионалност.

1. Стручниот соработник покажува дека е посветен и одговорен во извршување на својата професија и работата во училиште, со тоа што:

- е автономен во својата работа, има професионален интегритет и својата професионална пракса ја подобрува преку постојано учење и одговорно и навремено исполнување на професионалните обврски,

- развива рефлексивна професионална култура, објективен е во сопствените проценки за поседувањето на кометенции за извршување на професионални одговорности и чесен е во професионалното претставување,

- ги познава професионални ограничувања на својата струка, им ги предочува на корисниците и во својата работа, покрај на сопствените знаења, се потпира на помош и соработка на други професионалци кога тоа е потребно,

- работните задачи ги извршува посветено, одговорно, навремено и темелно,

- ги почитува етичките и професионалните стандарди на струката како и нормативната регулатива во образованието,

- одговорно се однесува кон ресурсите на училиштето, ги почитува договорените норми и правила на однесување во училиштето,

- обезбедува почитување на работата на стручните соработници во училиштето и ја промовира улогата на стручните соработници во пошироката заедница.

2. Стручниот соработник се грижи за угледот на стручните соработници и на сопствениот углед така што:

- се залага за здрава училишна и работна средина, претставува позитивен модел на однесување во училиштето и заедницата и извршувањето на граѓанските обврски,

- не стапува во контакти со ученици/родители/старатели што се надвор од доменот на професионално однесување,

- избегнува конфликт на интереси, не прифаќа сугестии, притисоци од колеги, надредени или други лица што бараат однесување што е спротивно на професионалните и етичките норми и не бара услуги од колегите и наставниците што се надвор од професионалното однесување,

- етички и морално се однесува во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми.

**Член 8**

Овие стандарди влегуваат во сила наредниот ден од денот на нивното донесување.

Синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија, Скопје, 1

**Претседател на Синдикат за образование, наука и култура**

**Јаким Неделков**